Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 08-394/1
04-02-2022 20
Скопје/Shkup

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Сектор за правосудство**
**Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи**

# Полугодишен извештај за работа на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи за јули/декември 2021 година

## *ВОВЕД*

Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се основа како оперативно стручно тело составено од претставници на правосудните органи.

Во рамките на своите активности Советот за ИКТ предлага, создава, спроведува и обезбедува ИКТ решенија, што имаат за цел зголемување на ефикасноста и транспарентноста на правосудниот систем, како и централизирање на информатичките системи воспоставени во Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот на Јавни обвинители на Република Северна Македонија, Врховниот суд на Република Северна Македонија, сите судови и обвинителства, Министерството за правда, Управата за извршување на санкции и казнено-поправните и воспитно-поправните установи и Акакдемијата за судии и јавни обвинители, а заради обезбедување на брз, автоматизиран и непречен пристап до податоци, како и нивна меѓусебна интероперабилна размена.

Основот за формирање на Советот за ИКТ произлегува од член.87-а ст.1 од Законот за судови, каде е наведено дека Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи (во натамошниот текст: Советот за ИКТ) се основа како оперативно стручно тело составено од претставници на правосудните органи.

Советот за ИКТ дава предлог за утврдување на приоритети на политиките и координација на правосудните органи во работењето на системот на

информатичко-комуникациската технологија, а Министерството за правда дава административно-техничка поддршка на работењето на Советот за ИКТ, а исто така Министерот за правда со подзаконски акт го определува составот и начинот на работа на Советот за ИКТ.

Во рамките за своите надлежности на ден 10.06.2021 година Министерот за правда м-р Бојан Маричиќ, донесе Правилник за составот и начинот на работа на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи.

Исто така, врз основа на член 87-а од Законот за судовите (,,Службен весник на Република Северна Македонија"бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и 96/19) и Правилникот за составот и начинот на работа на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи ( "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.129/21), министерот за правда донесе Одлука за основање на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи, во состав и тоа:

1. **д-р Лазар Нанев**, Претседател на Основниот суд Кавадарци, Претседател на Советот за ИКТ
2. **д-р Гордана Лажетиќ**, редовен професор на правниот факултет "Јустинијан Први"- Скопје, Заменик претседател на Советот за ИКТ
3. **Александра Вуковиќ**, шеф на Кабинет, Министерство за правда, член на Советот за ИКТ
4. **Михајло Војтикив**, информатичар, Министерство за правда, член на Советот за ИКТ
5. **Весна Бојаџиевска**, Раководител на служба за информатика, Врховен суд на Република Северна Македонија, член на Советот за ИКТ
6. **Лорета Горгиева**, Судски совет на Република Северна Македонија, член на Советот за ИКТ.
7. **Миљазим Мустафа**, Судски совет на Република Северна Македонија, член на Советот за ИКТ
8. **м-р Фатиме Фетаи**, јавен обвинител од Вишото јавно обвинителство Скопје, член на Советот за ИКТ
9. **Трајче Пеливанов**, јавен обвинител од Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција, член на Советот за ИКТ
10. **Ирена Димовска**, советник, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија и член на Советот за ИКТ
11. **Катерина Мишковска**, помлад соработник за ИТ служба, Совет на Јавните обвинители на Република Северна Македонија, член на советот за ИКТ

За секретар на советот е назначена **Ирена Шекуткоска Јанакиевска**, соработник во Министерството за правда.

На ден 24.08.2021 година од страна на Советот за ИКТ донесен е Деловник за работа на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи.

Согласно член 23 од Деловникот за работа на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи , Советот за ИКТ за својата работа поднесува полугодишен извештај до Министерството за правда. Во извештајот се содржани податоци за - бројот на одржани седница, - донесени одлуки,- реализирани активности и др. податоци од својот делокруг на работа.

## *1.1. Број на одржани седници*

Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи за време на полугодишниот извештај одржа шест седници и тоа:

- Конститутивната седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на ден 14.07.2021 година,
- Втората седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 24.08.2021 година,
- Третата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 24.09.2021 година,
- Четвртата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 28.10.2021 година,
- Петата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 30.11.2021 година, и
- Шеста седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 27.12.2021 година.

### *1.1.1.Донесени заклучоци*

А. На Конститутивната седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи одржана на ден 14.07.2021 година,за претседател на Советот за ИКТ беше избран членот д-р Лазар Нанев, Претседател на Основниот суд Кавадарци, а за заменик претседател на Советот за ИКТ беше избран членот д-р Гордана Лажетиќ, редовен професор на правниот факултет "Јустинијан Први"- Скопје.

Со цел исполнување на приоритетите на Советот за ИКТ предвидени во член 3 од Правилникот за составот и начинот на работа на Советот за ИКТ, на оваа седница беа донесени следните заклучоци:

1. Во рок од три дена - да се достави Оперативниот план за дигитализација, усвоен од Владата во април 2021 година до сите членови за нивно запознавање со информација за превземените активности.

2. Во рок од 15 дена - заменик претседателката Лажетиќ, Александра Вуковиќ и Фатиме Фетаи да изготват нацрт - Деловник за работа на Советот за ИКТ и да го достават до членовите на разгледување.

3. До 1 септември - заменик претседателката Лажетиќ, Лорета Горгиева, Трајче Пеливанов, Миљазим Мустафа и Фатиме Фетаи да изготват преглед на сите одредби од ЗКП кои се однесуваат на дигитализација и истите да бидат разгледани на наредната седница (РГ за ЗКП продолжува со работа почнувајќи од 3 септември), и сите одредби кои се однесуваат на дигитализацијата од процесните закони да се внесат во Судскиот деловник.

4. Да се сподели со членовите Стратегијата за ИКТ и новоусвоената Стратегија ФИКИ.

5. До 1 септември - Фатиме Фетаи, Трајче Пеливанов и Ирена Димовска да изготват Анализа за состојбата со хардверската и софтверска опрема во обвинителствата (со фокус на состојбата со системот за управување со предмети во обвинителството), и потребите кои ги имаат обвинителствата, а од страна на Министерството за правда да биде споделена Анализата која е добиена од страна на ЈОРСМ.

6. Да се сподели заклучок на Владата за потребни набавки на хардвер / софтвер од страна на институциите.

Б.На Втората седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 24.08.2021 година, се донесоа следните одлуки, заклучоци и се разгледаа и прифатија следните информасции и извештаи:

1.Усвоен е Деловникот за работа на Советот за ИКТ.

2.Со поддршка на Канцеларијата на ПВРСМ, ОБСЕ, Амбасадата на САД, Здружението за кривично право и криминологија, Министерството за правда, Академијата за судии и јавни обвинители да се организираат стручни расправи со цел да се идентификуваат соодветни предлог - одредбите кои се однесуваат на дигитализацијата и да се има предвид дека е потребно да се изнајде начин информатичката опрема која ќе се набави и користи да биде отсликана при нормативното уредување во законите.

3.Врховен суд на РСМ во однос на набавката на серверите да продолжи со понатамошната постапка.

4.Во насока на дигитализација на услугите во судовите споеделена е информацијата од страна на Претседателот Нанев дека во изминатиот период се одржани повеќе координативни состаноци со цел да се разгледаат сите аспекти

потребни за дигитализирање на одредени услуги кои од страна на Министертвото за правда се посочени како приоритетни. Станува збор за:

- Издавање на уверение од кривична евиденција
- Издавање на потврда од казнена евиденција
- Издавање на потврда од евиденција за изречена санкција што се состои во забрана на вршење на професија, дејност или должност

Во рамките на овие активности сите дописи кои беа планирани се доставени, по однос на дописот доставен до МИОА група за интероперабилност -национален портал за е-услуги на 19.08.2021 год, со кој побарано е МИОА да ги верификува и објави услугите преку каталогот на услуги, трите услуги кои ќе се обезбедуваат преку Основниот кривичен суд Скопје од каде ќе се распределуваат на останатите 25 основни судови кои работат на материја од кривичната област, да обезбедат една партиција на HSM за поставување на 26 организациски печати за судовите со цел целосна дигитализација на судовите, ги замоли претставниците од МИОА да разменат контакт со министерството за правда за побрза реализација на барањето.

5. Со Институтот за европска политика (ЕПИ) до 15 септември да се организираат три двочасовни активности со претседателите на судовите, судските администратори и информатичари од апелационите подрачја, во врска со процесот на дигитализација, а со цел да се информираат и подготват во делот на издавање на електронските уверенија и потврди.Една работилница да се организира и со јавните обвинителства пред кои ќе се презентира оперативниот план и ќе се запознаат и подготват со сите горенаведени планови и активности за процесот на дигитализација.

6. Да се изготви листа на државни органи и институции и тоа МВР, Државно правобранителство, Јавното обвинителство на РСМ, Катастар на недвижности, Централен регистер и други до кои ќе биде доставено известување институциите да се подготват за процесот на интероперабилност, односно за издавање на електронските уверенија и потврди.

В. На Третата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 24.09.2021 година, советот за ИКТ се донесоа следните одлуки, заклучоци и се разгледаа и прифатија следните информасции и извештаи:

1. Од страна на Судскиот буџетски совет да се достави допис до Министерството за правда и до Министерството за финансии во кое ќе се образложат досега преземените чекори за набавка на серверите и другата ИКТ опрема за непречено функционирање на АКМИС системот и да се побара средствата да бидат предвидени и за наредната, 2022, година кога би се завршиле отпочнатите постапки.

Дополнително, ова прашање ќе биде покриено и на средбата на Министерот за правда и Министерот за финансии за време на претстојните преговори за буџетот за 2022.

2.Прифатен е извештајот за текот на активностите за издавање на електронските уверенија од казнената евиденција, дека услугата за вадење

електронски уверенија од казнената евиденција е комплетно завршена и е достапна на националниот портал uslugi.gov.mk., дека моментално се работи на довршување на веб сервисите за останатите две услуги - за издавање потврда за забрана за вршење професија должност или дејност и уверенија од кривична евиденција.Истовремено потребно е основните судови од Кичево, Велес, Виница, Ресен, Крива Паланка, Свети Николе, Гостивар, Тетово, Струмица, Прилеп, Делчево, Кратово и Скопје 1 да извршат плаќање за обезбедување електронски печат и потпис за секој суд, потоа заедно да се потпишат договорите и КИБС да ги испрати сертификатите до Nextsense со цел да се изврши доконфигурирање на останатите услуги.

3. Усвоен е извештајот за состојбата со ИТ во јавните обвинителства, со предлог да се испрати допис до Јавното обвинителство на РСМ со барање да се формира Работна група која преку увид ќе ги утврди реалните потреби на обвинителствата од ИТ опрема и состојба со ИТ кадар.

4.Во контекстот на првите е-услуги на кои се работи, во рок од седум дена да се изготви известување до Јавното обвинителство на РСМ како и до МВР, Државното правобранителство, Катастар на недвижности, Централниот регистар, Министерството за одбрана и Агенцијата за национална безбедност, со цел да се информираат за отпочнувањето со услугата за електронско издавање на уверенија.

5.Јавната обвинителка Фатиме Фетаи да изготви агенда за одржување на on-line работилница со јавните обвинители на која ќе бидат запознаени со сите чекори кои се преземаат за дигитализација на услугите.

6.Се рагледа информацијата од проф.Лажетиќ дека Државното правобранителство има интерес да се вклучи во процесот на дигитализација и посочи на некои од проблемите со кои се соочуваат, како што се дека во Државното правобранителство нема вработен информатичар, а на огласите кои се објавуваат не се пријавуваат какндидати за информатичар, за секој извештај што треба да се изготви предметите се бројат рачно и неколку години се бара воспоставување на автоматизиран систем сличен на АКМИС-от со кој ќе се распределуваат предметите. На ваквите проблеми укажал и Државниот завод за ревизија и истото е констатирано и во Националната стратегија изработена од ДКСК во септември 2020 година. Државното правобранителство е корисник на ИПА 3, но оваа помош ќе може да се користи од 2023 година.

Г.На Четвртата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 28.10.2021 година се донесоа следните одлуки, заклучоци и се разгледаа и прифатија следните информации и извештаи:

1. Разгледана и прифатена иннформацијата дека Владата на РСМ на седницата одржана на 26.10.2021 година ја усвои Информацијата за потребата од обезбедување на средствата за набавка на серверите, а за таа намена

Министерството за финансии ќе предвиди 90.000.000,00 денари во Буџетот на РСМ за 2022 година.

Министерството за правда да го испрати електронски до сите членови владиниот заклучок по однос на усвоената информација. Воедно истиот да го достави и со допис до Врховниот суд, како писмена гаранција дека средствата ќе бидат обезбедени во буџетот за наредната година и оттука не постојат пречки за понатамошно спроведување на постапката за набавка на серверите.

2. Разгледана и прифатена информасцијата од членот на Советот Михајло Војтикив кој напомена дека услугата за вадење електронски уверенија од казнената евиденција, која веќе е достапна на националниот портал uslugi.gov.mk, успешно работи и накратко презентираше колку вкупно барања се поднесени до сега и посочи дека постои можност за увид колку барања се поднесени на база на секој суд поединечно. Потенцираше дека за довршување на веб сервисите за останатите две услуги (за издавање потврда за забрана за вршење професија должност или дејност и уверенија од кривична евиденција) потребни се финансиски средства во износ од околу 18.000,00 евра вкупно за двете услуги, кои треба да се исплатат на ЕДУСОФТ.

- Весна Бојаџиевска во текот на наредните денови да провери и да го извести Советот колку часови преостануваат од склучениот договор со ЕДУСОФТ.
  - Лорета Георгиева да провери колку финансиски средства може да обезбеди Судскиот буџетски совет за реализација на услугите.
  - Михајло Војтикив и Весна Бојаџиевска да изготват проценка колку од предвидените часови за адаптивно одржување може да се одземат и за тоа во рок од седум дена да бидат известени членовите на Советот.

3. Членот на Советот Михајло Војтикив да подготви предлог Упатство за користење на националната платформа за издавање на Уверенија од казнената евиденција.

4. Прифатен е извештајот за одржаните работни средби со државните органи и институции со Советот за ИКТ за потребата за интероперабилност и размена на податоци со судовите, со предлог за назначување на координатори на активностите од членовите на Советот за ИКТ со секоја институција.

Членот на Советот,професорката д-р Гордана Лажетиќ извести дека на 19.10.2021 год, во тим заедно со судијата Лазар Нанев, Никола Николов од МИОА, Ана Малцева од Кабинетот на ПВРСМ и Александра Вуковиќ, во Министерството за правда, одржани се состаноци со следните институции: Управата за финансиско работење, Управата за финансиска полиција, Царинската управа, Министерството за внатрешни работи, Јавно обвинителство на РСМ, Државното правобранителство, Агенцијата за национална безбедност, Управен суд, Виш управен суд, Нотарска комора, Комора на извршители, Адвокатска комора, а претходно и со Агенцијата за катастар. Целта на состанокот беше да се презентира платформата на интероперабилност и потребата од нивно приклучување на истата (оние кои не се) како и да се разговараат нивните ИТ капацитети и потреби. Останува во скоро време да се организираат вакви средби и со АВРМ, ПИОМ и

ФЗО. Предлог на членовите на Советот беше да се вклучат дополнително и Агенција за управување со одземен имот и МО_Военото разузнавање.

Средбите се оценија како крајно позитивни и секаде постоеше расположеност за натамошно унапредување на процесот на интероперабилност на институциите. На овие средби беше договорено институциите да определат контакт лица кои ќе остваруваат комуникација со поедини членови од Советот во насока на прецизирање на нивните услуги и потреби кои ги имаат од другите во овој процес.

За таа цел проф. Лажетиќ ја изготви следната поделба на членовите од Советот за ИКТ:

| | |
|---|---|
| Ирена Димовска | ЈОРСМ |
| Фатиме Фетаи | УФП, ЦУ,ЦР |
| Весна Бојаџиевска | Управно судство, второстепена комисија |
| Миљазим Мустафа | АКРСМ, Коморите на медијатори, извршители и нотари |
| Михајло Војтикив | ДП, АУОИ, Агенција за катастар |
| Трајче Пеливанов | АНБ,МВР, МО |
| Лорета Георгиева | ПИОМ, АВРСМ, ФЗО, ДИК |
| Катерина Мишковска | УЈП, УФР, ДКСК |

5. Министерството за правда со допис да ги извести институциите за назначеното контакт лице од Советот, а воедно да побара да се определи контакт лице од страна на институциите, преку кое ќе се одвива натамошната комуникација.

7. Членот на Советот Миљазим Мустафа преку ЕПИ да организира средба со судиите од Апелационото подрачје Гостивар и да го извести Советот за датумот на одржување на средбата.

8. Разгледување на извештајот на ЕУ во делот кој се однесува на правосудството/ АКМИС-от. Александра Вуковиќ информираше дека е добиен извештајот на ЕУ. Во Министертвото за правда во подготовка е анализа на истиот, а по добивањето на официјалниот превод, македонската верзија на извештајот ќе биде споделена со сите. Напомена дека добиениот извештај реално ја отсликува досегашната состојба на она што е сработено изминатата година и дава насоки на што треба да се фокусираме во наредната година. Една од забелешките која се однесува на дигитализацијата е дека се она што се работи е предоминантно финансирано од донаторите, а во контекст на тоа со Министерството за финансии разговарано е за одвојување на поголеми национални средства за овој дел. Според извештајот мал е процентот на ИТ персонал во институциите кој треба да ја спроведе реформата и укажано е на некомпетитивност на платите за ИТ персоналот во јавниот сектор. Во таа насока планираното решение за формирање на Дигитална агенција за наредната година, соодветно би го адресирало овој проблем. . Во делот на АКМИС системот укажано е дека треба да се направи надградба на постоечкиот систем или да се развие нов систем. Во делот на интероперабилноста има доволна поддршка и волја од институциите за вклучување во процесот.

9. Извештај за активностите во врска со АКМИС-от, Фросина Тасевска, Државен советник, Министерство за правда извести дека во однос на АКМИС системот обезбедена е поддршка од Норвешката амбасада. Имено, со поддршка

од норвешката судска администрација ИТ експерти веќе имаат изготвено анализа која е споделена со Судскиот совет, Врховен суд и сите правосудни институции, каде се утврдени се препораки за понатамошните активности за реализација на новиот АКМИС систем.

Во рамки на преговорите со Норвешката амбасада, беше побарано Норвешката судска администрација да го зголеми времетраењето на проектот од три на пет години, а дополнително на барање на институциите да се зголеми буџетот на 5 милиони евра. Преостанува да се договори начинот на имплементација, .

Предлогот од норвешките партнери е најпрво да се скучи договор помеѓу норвешката судска администрација и Судскиот совет и Врховниот суд на РСМ, согласно кој средствата би биле обезбедени во Судскиот буџетски совет, а понатаму да биде назначен еден судија и едно ИТ лице кои ќе менаџираат со тие средства, за што ќе биде потребно редовно известување за спроведување на постапките. Ставот на Министерството за правда е дека е потребно вклучување на трета страна (консултантска компанија) која ќе ги спроведе сите овие активности.

10. Во координација на Судскиот совет Претседателот Нанев, Александра Вуковиќ и Фросина Тасевска првенствено да одржат поединечни подготвителни состаноци со Врховниот суд и Судскиот совет, а потоа да се одржи заеднички состанок.

11. Информација за динамиката за текот на измените и дополнувањата на законите поврзани со дигитализација. Александра Вуковиќ извести дека Закон за матична евиденција е усогласен, Закон за бесплатна правна помош и Законот за правосудниот испит се на проверка, Законот за катастар на недвижности е вратен на корекции до АКН и се чека нова верзија за да се изврши проверка, -Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси е вратен до МП на корексии и се работи на усогласување. Во скоро време се очекува во насока на дигитализацијата да се отворат и Законот за управни спорови како приоритетен, Законот за нотаријатот, Законот за извршување, Законот за адвокатура. Законот за парнична постапка е во собраниска процедура.

12.Разгледување на Извештајот од одржаната тркалезна маса на информатичарите од судовите од 30.09.2021 година

- Бројот на информатичарите во судот треба да биде соодветен на бројот на вработените во судот и обемот на работа и информатичарите да бидат со соодветни звања и повисоки плати.

- Да се обезбедат средства за специјализирани обуки на информатичарите и да се формира служба за информатика во судовите согласно Законот за судовите.

- Да се изготви процедура за примена на АКМИС-от и во иднина да се организирааат повеќе средби помеѓу информатичарите.

13. Барање до Академијата за судии и јавни обвинители во делот на обуките да се зголеми бројот на обуките за информатичарите и да се изготви правилник/упатство за примена на АКМИС системот.

14.Информација за динамиката на активностите со донаторите ОБСЕ и Амбасадата на САД. Ана Накова-Жикова извести дека Мисијата на ОБСЕ во Скопје е еден од донаторите кој учествува во процесот за дигитализација и накратко

информираше дека мисијата на ОБСЕ и оваа година продолжува со имплементација на оние ставки кои беа утврдени од страна на Владата на РСМ, односно се продолжува со постапката за дигитализација на петте пилот судови и проектот заедно со Здружението за кривично право и криминологија и Министерството за правда се состои од неколку чекории тоа:

1.Набавка на опрема за комплетно аудио и видео опремување на по една судница од овие пет пилот судови односно затворен ЦЦТВ систем на снимање.

2.Изработка на пилот пратформа која ќе ги користи статистичките податоци од АКМИС-от за овие пет суда, дополнително да може да се презентира работата на судовите.

3.Изготвување на законска основа за дигитализирање на процесите.Тендерот за опремата е завршен и е во фаза на евалуација (избор на фирма) и се очекува комплетно опремување на судниците во прввиот квартал на 2022 година, а за е -платформата извести дека се чека повратна информација од ЕДУСОФТ.

Претседателот Нанев извести дека од ЕДУСОФТ работат активно на изготвување посебен you tube судски канал.

15. Членот на советот Михајло Војтикив да ги изготви банерите во рок од седум дена и за тоа да го извести советот.

16.Да се побара од Александар Видиновски, Портпарол на МП да изготви предлози за ПР активности.

17.Предлог за организирање на Форум - Меѓународна конференција/хибридна во соработка со CEELI институтот – Дигитална /револуција во правосудните системи во регионот со канцеларијата на CEELI институтот со кој постојано се разменуваат податоци и информации, во делот на потребита за користење на дигиталните алатки во правосудните органи се разговараше за одржување на хибридна меѓународна конференција насловена како Дигитална /револуција во правосудните системи во регионот и планирано е на оваа конференција, која ќе се одржи за два до три месеци, свое обраќање да имаат претставници на сите правосудните органи.

18. Фросина Тасевска информираше дека преку акциската програма 2021 на 15 септември е потпишана финансиската спогодба за користење на средствата од ИПА 3.

Комплетно за првата компонента во која е предвиден и Советот за ИКТ во делот проширена дигитализација на институциите од правосудниот сектор и антикорупциската област, предвидени се 6 милиони евра од ЕУ и 1 милион од националното финансирање.

Овие средства ќе бидат искористени за надградба на case менаџмент системот на Јавното обвинителство, за развивање на информациски систем во Уставниот суд и за развивање на case менаџмент систем на Државното правобранителство.

Според динамиката се очекува во рамки на тековниот проект ИПА 2020 да бидат назначени двајца ИТ експерти кои меѓудругото во следните пет до шест месеци ќе дадат поддршка и на ИКТ Советот.

Д. На Петтата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 30.11.2021 година

се донесоа следните одлуки, заклучоци и се разгледаа и прифатија следните информации и извештаи:

1. Да се организираат работни средби за остварување на меѓусебна комуникација и координација за приклучување на платформата за интероперабилност. Претседателот Нанев извести дека до Советот дополнително доставени се барања за приклучување кон платформата за интероперабилност од страна на Националната агенција за воздухопловство (за потврдите од кривична/казнена евиденција) и Министерството за економија (во делот на е-стечај). Со тоа, вкупниот број на институции со кои Советот за ИКТ соработува по однос на ова прашање - изнесува 25.

2. Да се одржи средба со Nextsense и претставниците од МИОА со цел да се разгледаат сите можни опции по однос на услугата за електронски издавања на уверенијата.

3. Разгледана инфорнацијата од Весна Бојаџиевска во врска со тендерската постапка за набавка на серверите во судовите накратко извести дека на 29.09.2021 година тендерот бил објавен со рок за отворање на понудите - 2 декември. Крајниот рок за поставување на прашања бил до 24 ноември, со што во последните два дена стигнале 37 прашања, од кои повеќето се однесувале на роковите. Работната група одлучила дел од прашањата кои биле поставени со одредени барања, да бидат прифатени а со самото тоа биле извршени одредени измени во техничката спецификација, ова предизвикало пролонгирање на рокот за отворање на понудите кој наместо да биде 02.12.2021 сега ќе биде 08.12.2021.

4.Во делот на издавањето на уверенијата од казнена и кривична евиденција, Миљазим Мустафа извести за настанат проблем во кривичниот суд, поточно системот одреден период не работел и не биле во можност да издаваат уверенија, со самото тоа нема статистички податоци колку уверенија се издадени. Воедно, напомена дека треба да се обрне поголемо внимание во делот на информирањето од причина што граѓаните наидуваат на проблем, поточно електронските уверенија во некои институции не им биле прифатени од страна на службеиците.

5.Катерина Мишковска предложи да се постави известување и упатство за користење на услугата на фреквентно место во просториите на ЈО.

6.Михајло Војтикив да подготви преглед на месечни статистички податоци за досега издадените уверенија.

7.Министерството за правда да подготви допис до Генералниот секретаријат на Владата со кој ќе се побара да се информираат сите органи и институции за воведената услуга за електронско вадење на уверенија, како и до МНР со цел да се информираат сите амбасади и конзуларни претставништва. Притоа, треба дасе напомене институциите да им укажат на вработените да ги признаваат електронските уверенија во рамки на своето редовно работење.

8.Михајло Војтикив да изготви банери со кратко упатство за користење на услугата, кои ќе бидат поставени на видливо место во сите судови.

9.Александра Вуковиќ извести дека на втори и трети декември, во Словенија се одржува форум на министри за правда и внатрешни работи во формат ЕУ - ЗБ, каде во делот на правда има цел панел посветен на дигитализацијата. На состанокот се планира министрите за правда од Западен Балкан и претставници на Европската комисија, да разменат податоци за процесот

на дигитализација поединечно во секоја земја како и на ниво на Европската унија и да се утврди начинот на соработка со земјите од регионот.

10.Од Регионалниот совет за соработка од Сараево до Министерството за правда доставено е известување за започнување со истражување за нивото на дигитализација во судството на земјите од регионот и идентификување на области на соработка и размена на податоци на земјите од западен Балкан, а истражувањето ќе трае до 10-ти Јануари.

11.Претседателот Нанев сподели информација дека заедно со CEELI Институтот од Прага и Nextsense започнати се активностите за организирање меѓународна конференција која треба да се одржи во првото тромесечје на 2022 година., Истата ќе се однесува на она што се работи во сферата на дигитализација на правосудните органи, а Република Северна Македонија ќе се претстави какопромотор на судската дигитализација. Александра Вуковиќ презема обврска да го контактира Генералниот директорат за Правда, при ЕК и да се покани Комесарот Рејндерс навреме.

12.Ана Новакова Жикова, претставник на ОБСЕ извести дека во текот на ноември се работело на создавање услови за избор на компанија која што ќе изготви платформа за зголемување на транспарентноста за она што го работат судовите и да се отвори посебен канал за споделување на он лине судењата.Во таа насока на Едусофт како фирма која го одржува АКМИС-от и било понудено да го изготви решението за таа пилот платформа која подоцна би станала дел од големата платформа за интероперабилност.По две недели дискусија Едусофт ја одбил понудата со што целиот процес бил затворен, а средствата пренаменети.

13.Професорката Лажетиќ извести за одржан состанок на кој детално биле разгледани одредбите од ЗКП, по разгледување на одредбите за ПИМ мерките заедно со МВР и ОТА со цел да се утврди размената на барањата, мерките и т.н. законот ќе биде доставен до членовите на Советот за ИКТ. Во однос на препораките произлезени од одржувањето на конференциите со јавните обвинителства извести дека истите се инкорпорирани во законот, и напомена дека во рамки на Јавното обвинителство изготвен е правилник за автоматска распределба на предмети, а самиот процес до крајот на годината треба да се финализира.

**Ѓ. На шестата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 27.12.2021 година се донесоа следните одлуки, заклучоци и се разгледаа и прифатија следните информасции и извештаи:**

1.Весна Бојаџиевска достави писмен извештај за текот на набавката на серверите кој претставува составен дел на овој записник.

2.Информирање за потребата од автоматизација на изборот на стечајните управници во стечајните постапки во рамки на АКМИС системот .Претседателот Нанев наведе дека изминатиот период во неколку наврати беа одржани состаноци со претставници од Министерството за економија, а во врска со изборот и распределувањето на стечајните управници во сите судови во РСМ. Во таа насока Билјана Мицковска - раководител на секторот за правни работи во Министерство за економија ги извести членовите на советот дека од Министерството за економија беше побарано Советот за ИКТ да реагира во делот за примена на АКМИС системот во делот за распределба на стечајните управници согласно чл. 31 од

Законот за стечајни управници.Наведе дека Министерството за економија редовно доставува ажурирана листа на стечајни управници до сите судови, но и покрај тоа како активни сеуште се водат стечајни управници кои не ја вршат повеќе таа дејност. Воедно, додаде дека судиите кои работат на оваа проблематика не ги почитуваат одредбите од Законот за стечај, а од вкупно 58 стечајни управници со активна лиценца за вршење на дејноста, водењето на стечајните постпки е сведена само на осум стечајни управници. Поради ваквата селективна распределба на предметите и непочитување на оредбите од Законот за стечај при изборот на стечајните управници, Министерството за економија бара најбрзо што може да биде доставен допис до Судскиот совет да преземе активности со цел да се почитува Законот за стечај во поглед на одредбите за електронска распределба на предмети во стечајните постапки и назначувањето на стечајните управници.

3. Да се испрати допис до Судскиот совет на РСМ да се обрати до сите судови кои работат со стечајни предмети, со горенаведеното барање од Министерството за економија.

4. Советот за ИКТ со Судскиот совет да достави заедничко барање и до работното тело за стандардизација во Врховниот суд со цел да се изврши интервенција во АКМИС системот и да се ажурираат податоците на стечајните управници.

5. Извештај за активностите за издавање на уверенија од кривичната и прекршочната евиденција и уверенија за правните лица. Претседателот Нанев потенцираше дека услугата за издавање уверенија од казнена евиденција веќе се користи, а Михајло Вијтикив во таа насока ги информираше членовите дека се зголемува бројот на лица кои ја користат е услугата за вадење уверенија од казнената евиденција, останатите услуги се во фаза на доработка, додека за услугата за правните лица потребно е да се склучи меморандум помеѓу кривичниот суд и ЦРМ со цел да може да се преземаат податоците за правните лица.

6. Информирање за динамика и чекори за дигитализирање на јавно обвинителство.Ирена Димовска извести за одржан состанок со Никола Наумов претставник од МИОА на кој била разгледана можноста за искористување на постоечкиот систем кој веќе е воспоставен во обвинителствата негова надоградба за добивање на податоци од делот за казнена и кривична евиденција. За сите нови функционалности кои треба да се воведат наведе дека е потребно е да се обезбедат финансиски средства и во таа насока предложи формирање на работно тело кое точно ќе ги утврди сите недостатоци и се што е потребно да се воведе, како и да го утврди начинот и средствата кои се потребни за надградба на системот.

7.Советот да одржи состаноци со Републичкиот јавен обвинител и Сововетот на јавните обвинители по однос на прашањето за интероперабилност да се посочат роковите, а се со цел што побрзо да изнајде начин за реализација на планот за приклучување во делот на обвинителствата.

8.Извештај за процесот за интероперабилност и размена на податоци помеѓу судовите и државните органи и институции. Проф.Гордана Лажетиќ изјави дека по одржувањето на состаноците со различни органи може да се заклучи дека оптимизмот кај државните институции во поглед на интероперабилноста се зголемува, некои од нив се веќе прикл на платформата за операбилност и треба само да се утврди кои услуги ќе бидат поставени и ќе се користат, за што беше договорено до крај на јануари да се утврди точно кои ќе бидат понудени. Во поглед на останатите институции потребно е да започнат со процесот на приклучување за

што самите треба да обезбедат опрема што повлекува фискални импликации за органите и самиот процес бара подолг временски период.Предвидено е на крај на јануари или почетокот на февруари 2022 година одржување на уште една серија на состаноци.

9.Информирање за текот на активностите за набавка на опрема од страна на Мисијата на ОБСЕ и Амбасадата на САД. Ана Новакова Жикова, претставник на ОБСЕ накратко извести дека договорот за набавка на опремата е склучен, рокот за опремување на сите судници е до 28.02.2022 година, одржан е еден состанок со претседател од еден од петте пилот- судови и претставници од ИТ секторите на секој од судовите и во процес е изготв на план за инсталација во судовите со цел да не се прекине редовното работење на судовите.Претседателот Нанев се надоврза и додаде дека петте претседатели на судовите одржале состаноци и утврдени се потребите на судниците, доставено е барање до Судскиот буџетски совет за набавка на ентериер за судниците, набавката треба да се реализира до крај на јануари 2022 година.

10.Разгледување на предлог банер со Упатство за користење на националната платформа за издавање на Уверенија од казнената евиденција. Михајло Војтикив го презентираше банерот со кратко упатство за издавање на уверенија од казнена евиденција, кој ќе биде поставен во сите основни судови, со цел сите заинтересирани лица да можат да се информираат за користењето на новата услуга.

11. Драган Јеремиќ тим лидер на проектот „Владеење на правото" извести дека во тек е изготвување на план на активности, во јануари се очекува да биде поставен главен експерт и да бидат вклучени некои локални експерти кои би помогнале на судовите и обвинителствата надвор од Скопје.Како дел од овој план предвидено е преку Академијата за судии и јавни обвинители да биде организирана и одржана обука за ИТ лицата за подобро и поефикасно користење на ИТ опремата, како и ажурирање на стратегијата и акцискиот план.

12. Миљазим Мустафа извести дека до Советот за ИКТ беше доставен допис со барање за обезбедување средства за реновирање на салата во Судскиот совет, а во таа насока претседателот наведе дека ваквото барање Советот ќе го има предвид, потоа дополни истото да се однесува и за Советот на јавните обвинители, а оваа цел да биде реализирана во наредниот период.

13.Лорета Георгиева напомена дека одредбите за дигитализација треба да бидат воведени и во Законот за Судски совет и на идентичен начин да бидат воведени и во Законот за Советот за јавни обвинители.

## *2.АКТИВНОСТИ*

### *2.1.Интеропарабилност*

Платформата за интероперабилност овозможува електронска размена на податоци и документи помеѓу институциите/компниите на стандардизиран, безбеден и унифициран начин. Размената на податоци помеѓу две институции се одвива според дефинирани стандарди за безбедност, заштита, формат и структура на податоците.

Непречениот проток на информации преку платформата за интероперабилност, го намалува времето потребно за пренос на информациите

помеѓу институции, со што се олеснува протокот на електронски информации кои се потребни за обезбедување на јавни услуги прилагодени на потребите на граѓаните и бизнисите. Ваквата размена на податоци ја зголемува ефикасноста при работењето и го зголемува задоволството од услугите кои им се нудат.

Платформата за интероперабилност е базирана на Националната рамка за интероперабилност која ги следи европските начела за интероперабилност (EIF 2.0). Националната рамка за интероперабилност ги покрива сите аспекти на интероперабилноста: правна, организациска, семантичка и техничка.

Генерални придобивки од размената на податоци преку платформата за интероперабилност се :

- Основна инфраструктура за понатамошна дигитализација и развој на е-услуги кои судовите и државните органи ги нудат на граѓаните и бизнисите;
- Електронска, стандардизирана и сигурна размена на документи и податоци помеѓу институциите/компаниите;
- Брза и ефикасна комуникација помеѓу институциите/компаниите со што се зголемува ефикасноста при спроведувањето на постапките;
- Зголемена ефикасност и ефективност во работењето на органите на државната администрација и на компаниите;
- Побрз и полесен пристап на компаниите до податоците кои ги бараат од институциите;
- Зголемен квалитет на електронски услуги;
- Намалено време за добивање на услуги.

Поради тоа, Советот за ИКТ во извештајниот период одржа два консултативни и договорни состаноци со 28 државни органи и институции и 10 поединечни работни состаници.

На ден 28.12.2021 Катерина Мишковска го објави "Упатството за издавање на Потврда од казнена евиденција за физички лица преку Националниот Портал за е-услуги", на влезот во поранешната зграда на Комерцијална банка, каде што има голема фрекфенција на граѓани кои користат услуги на проектот "Една точка за услуги" од МИОА.

Заклучно со 31. 01.2022 година предвидено е подготовка на работни верзии на договорите/меморандумите и протоколите помежу судотвите и 28 државни органи и институции.

## *2.2. Електронско издавање на уверенија*

Развивањето на модулот за електронско поднесување и издавање на потврди/уверенија од казнената едвиденција е само една од дигиталните услуги согласно оперативниот план за дигитализација донесен од Владата на РСМ.

Овој модул како услуга судовите го обезбедуваат преку системот од Централната база од казнената евиденција кој се наоѓа во Врховниот суд на РСМ и неговата имплементација се состои од три услуги:

1. Издавање на уверенија од казнената евиденција, како модул кој од денес е целосно функционален,
2. Издавање на уверенија од кривичната евиденција и

3. Издавање на потврди од евиденцијата за изречени прекршочни санкции што се состојат во забрани за вршење на дејнсот, професија илли должност, како модули кои се во фаза на подготовка за нивна апликативност.

Дигиталните услуги за издавање на уверенијата од казнената евиденција се однесуваат на физички и на правни лица и ги опфаќаат сите Основни судови кои постапуваат по кривични и прекршочни предмети и тоа 26 суда во нашата држава и услугите ќе се реализираат како асинхрони.

Услугата овозможува електронско поднесување на барањето, електронско плаќање преку платежна картичка и електронско добивање на потврдата/уверението во PDF формат со бар код – сертификат што подразбира поврзување на документот со електронски потпис и електронски печат на судот издавач на документот со која се потврдува идентификацијата и веродостојноста на документот. Веродостојноста и доказната вредност се утврдува со скенирање на баркодот со мобилниот телефон андорит или ајфон кој ве упаува на издавачот на услугата.

Дигиталната услуга е обезбедена со заедничка координација на Советот за ИКТ во правосудството, Врховниот суд на РСМ, Судскиот совет, Министерството за правда и Министерството за информатичко општество и администарција и се разбира со поддршка и помош од сите 26 суда.

Овој координиран пристап на сите овие институции покажа дека дигитализацијата е процес со највисок приоритет во судтсвото и дека судовите се целосно подготвени за дигиталните потреби на корисниците на судските услуги.

Оперативните активности на услугата се реализираа преку давателот на услугата кој е дел од платформата за интеропарабилност, а тоа е комуникацискиот клиент Кривичниот суд Скопје, преку кој се направи мрежното поврзување со околината каде што е поставен сервисот за имплементација на услугите и негово поставување на платформата за интеропарабилност.

Паралено се одвиваа активностите за обезбедување на дигиталниот печат и потпис за 26 суда кој се користат за потпишување на секој документ што излегува од судот, преку набавката на сертификатите и нивно поставување на инфраструктурата на МИОА.

За потребите на услугата обезбедено е поврзување со регистарот на население поради потребата за обезбедување на податоците од формата кои ги нема во основните атрибути на најавеното лице за физичките лица /име на тако и мајка и државјанство/ баратели на услугата и податоци за правните лица од базата на податоци од централниот регистар.

Користењето на дигиталната услуга е едноставно, брзо и лесно.

Корисникот преку Националниот портал за услуги uslugi.gov.mk се најавува со корисничкото име кое што го има креирано за добивање и користење на услугите во УЈП, се повикува на модулот на услугата, креира барање, со алатката потврди, обезбедува електронксо плаќање и за не повеќе од 2-5 минути во ПДФ формат ја добива бараната услуга – потврда/уверение.

### *2.3. Работилници*

Со поддршка на ЕПИ, во извештајниот период одржани се четири еднодневни работилници на ниво на Апелациони подрачја, со учество на судии,

судски службеници и информатичари и една работилница со Јавни обвинители со цел запознавање со целите и активностите на оперативниот план за дигатлизација и предлог активностите за развој и унапредување на процерсот на дигитализација во правосудните институции.

### 2.4. Соработка и студсика посета

Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи во извештајниот период оствари соработка, координација и обезбеди помош од Амбасада на САД, Мисијата на ОБСЕ, а во тек се активности со Кралството Норвешка во врска со АКМИС-от.

Реализиорани се координативни состаноци со Амбасадата на Турција, Амбасадата на Франција и со Канцеларијата на ЕУ, а исто така членови на советот остварија и студиска посета на Турција со посета на центарот за дигитализација.

### 2.5.Јавност

Со цел промоција на Оперативниот план за дигитализација на правосудството и промоција на платформата за електронско издавање на Уверенијата од казнената евиденција, во Владата на РСМ, Премиерот на Владата, Министерот за правда и Претседателот на Советот за ИКТ, во извештајниот период одржаа две прес конференции.

**Совет за координирање на**
**информатичко-комуникациска технологија**
**во правосудните органи**
**Претседател,**
**проф.д-р Лазар Нанев**

-----------------------------------------------

*Прилог:*

- *Записници од одржаните седници на Советот за ИКТ,*
- *Одлуки,*
- *Извештаи,*
- *Барања,*
- *Известувања.*